Влада на Република Северна Македонија

З А П И С Н И К
од Осумнаесеттата седница на Владата на Република Северна Македонија,
одржана на 27 февруари 2022 година

Скопје, февруари 2022 година

# З А П И С Н И К
## од Осумнаесеттата седница на Владата на Република Северна Македонија, одржана на 27 февруари 2022 година

Седницата на Владата на Република Северна Македонија што се одржа преку видео конференциска врска со употреба на интернет комуникација започна во 11:10 часот.

Со седницата претседаваше д-р Артан Груби, прв заменик на претседателот на Владата на Република Северна Македонија, задолжен за координација на политички прашања на ресорите и министер за политички систем и односи меѓу заедниците.

На седницата учествуваа м-р Славица Грковска, заменик на претседателот на Владата на Република Северна Македонија, задолжен за политики на добро владеење и м-р Бојан Маричиќ, заменик на претседателот на Владата на Република Северна Македонија задолжен за европски прашања, членовите на Владата Славјанка Петровска, министер за одбрана, д-р Бујар Османи, министер за надворешни работи, Оливер Спасовски, министер за внатрешни работи, д-р Никола Тупанчески, министер за правда, д-р Фатмир Бесими, министер за финансии, м-р Беким Сали, министер за здравство, д-р Јетон Шаќири, министер за образование и наука, доц. д-р Бисера Костадиновска-Стојчевска, министер за култура, Благој Бочварски, министер за транспорт и врски, Насер Нуредини, министер за животна средина и просторно планирање и Џемаил Чупи, министер без ресор задолжен за дијаспора, како и генералниот секретар на Владата на Република Северна Македонија, Мухамед Зеќири и заменикот на генералниот секретар на Владата на Република Северна Македонија, Тахир Хани.

На седницата учествуваше и Лила Пејчиновска-Миладиновска, секретар на Секретаријатот за законодавство.

Покрај членовите на Владата на седницата учествуваше и Абдулшуќур Абедини, заменик на министерот за земјоделство, шумарство и водостопанство.

На седницата учествуваа Муамет Хоџа и Душко Арсовски, портпароли на Владата на Република Северна Македонија, Пеце Мирчески, директор на Службата за општи и заеднички работи на Владата на Република Северна Македонија и м-р Фахрудин Хамиди, директор на АД М-НАВ.

На седницата не учествуваа претседателот на Владата на Република Северна Македонија д-р Димитар Ковачевски, Фатмир Битиќи, заменик на претседателот на Владата на Република Северна Македонија, задолжен за економски прашања, координација со економските ресори и инвестиции, м-р Крешник Бектеши, министер за економија, Љупчо Николовски, министер за земјоделство, шумарство и водостопанство, м-р Јована Тренчевска, министер за труд и социјална политика, м-р Горан Милевски, министер за локална самоуправа и м-р Адмирим Алити, министер за информатичко општество и администрација.

*

*         *

Врз основа на Предлогот на дневниот ред и предлозите што беа поднесени на седницата, Владата го утврди следниов

ДНЕВЕН РЕД

1. Извештај од проверката на завршните извештаи

2. Кадровски прашања

3. Прашања и предлози

*

*         *

По одделните точки од Дневниот ред, Владата ги донесе следниве заклучоци:

<u>Точка 1</u>

Владата заклучи Извештајот од проверката на завршните извештаи да се разгледа на затворена седница на Владата.

<u>Точка 2</u>

По оваа точка немаше предлози.

<u>Точка 3</u>

Владата, согласно одлуката и препораките на Европската Унија за воведување забрана за влез во воздушниот простор (затворање на воздушниот простор) на земјите членки на Унијата за авио – компании во сопственост на Руската Федерација, како и за авио-компаниите (превозниците) регистрирани или контролирани од Руската Федерација, се приклучува на земјите кои воведоа ваква забрана и донесе одлука за воведување забрана за влез во воздушниот простор на територијата на Република Северна Македонија за овие авио компании од која се иземаат хуманитарните и летовите/слетувањата во итни случаи (непредвидливи ситуации).

За таа цел се задолжува Министерството за транспорт и врски, во соработка со Министерството за надворешни работи, Министерството за одбрана, АД М-НАВ, Агенцијата за цивилно воздухопловство и Секретаријатот за законодавство да подготви соодветна одлука, која да се смета за донесена на оваа седница на Владата.

Истовремено, Владата го задолжи АД М-НАВ да ја отпочне постапката за спроведување на оваа одлука и да ги извести Европските воздухопловни власти за воведеното затворање на воздушниот простор на Република Северна Македонија.

*

*　　*

На седницата се водени стенографски белешки.

Седницата заврши во 11:35 часот.

| ГЕНЕРАЛЕН СЕКРЕТАР НА ВЛАДАТА НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА | ПРЕТСЕДАТЕЛ НА ВЛАДАТА НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА |
|---|---|
| **Мухамед Зеќири** | **д-р Димитар Ковачевски** |